С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 06 година XLIV

22 април 2010

65.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2010 година

Се објавува Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2010 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/1
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) ,а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/05, 4/08,103/08).

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2010 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средства во Буџетот на Општина Велес за 2010 година и тоа на следниот начин :

Се зголемуваат приходите на следните потставки :		Буџет	Самофин.	Донации	Дотации	Кредит
717137	Надоместок за уредување на градежно земјиште	7.450.000	0	0	0	0
733133	Приходи остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ во постапки согласно кои паричните средства се распределуваат 60% на Буџетот на РМ и 40% на ЕЛС	7.000.000	0	0	0	0
741111	Тековни трансфери од други нивоа на власт	8.200.000	0	0	0	0
		22.650.000	**0**	**0**	**0**	**0**
D00	**ГРАДОНАЧАЛНИК**					
464940	Трансфери при пензионирање	200.000	0	0	0	0
E00	**ГРАДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**					
401120	Основни плати - државни службеници	-2.600.000	0	0	0	0
464910	Плаќање по судски решенија	2.400.000	0	0	0	0
JD0	**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**					
424390	Одржување на други градби	800.000	0	0	0	0
482120	Изградба на улици, патишта и автопати	4.500.000	0	0	0	0
JG0	**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**					
482720	Изградба на капацитети за водоснабдување	4.550.000	0	0	0	0
JI0	**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**					
482920	Изградба на други објекти	6.800.000	0	0	0	0
JL0	**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**					
482230	Реконструкција на мостови	6.000.000	0	0	0	0
L00	**СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**					
482930	Реконструкција на други објекти	-280.157	0	0	0	0
LA0	**СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)**					
464990	Други трансфери	280.157	0	0	0	0
N10	**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
421240	Течни горива	-577.120	0	0	0	0
421440	Транспорт на луѓе	577.120	0	0	0	0
		22.650.000	**0**	**0**	**0**	**0**

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2010 година, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Велес.

Бр.07-1845/3
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

66.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на комуналните такси

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за висината на комуналните такси, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/2
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 2, став 2, како и член 20 од Законот за Комуналните такси („Сл.весник на РМ" бр 61/04, 64/05 и 92/07), Член 4 , точка 2, алинеја 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М. “ бр.61/04, 96/04,67/07 и 156/09), и член 45 став 1 од статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ број 12/06)

Советот на Општина Велес на седница одржана на 20.04.2010 година, донесе

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси („Сл гласник на Општина Велес" бр. 5/05), во член 4, Тарифен број 3 бројот 10 се брише и се заменува со бројот 5.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/4
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

67.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување Детален урбанистички план на локалитет дел од УЕ 7 дел од УБ 40 (2009-2014) Велес – Општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување Детален урбанистички план на локалитет дел од УЕ 7 дел од УБ 40 (2009-2014) Велес – Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/3
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05 ,137/07 и 91/09) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 20.04.2010 година донесе

ОДЛУКА
за донесување Детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Деталниот урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - Општина Велес

Деталниот урбанистички план е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ"бр.78/06 ,140/07 и 12/09) и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ" бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се врши донесување на Деталниот урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - Општина Велес е со површина на урбано подрачје од 9,59 ха.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

-Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Деталниот урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - Општина Велес,

-Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје,

-Извештај од Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт Деталниот урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - Општина Велес

Член 4

За Деталниот урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - Општина Велес добиена е Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје број 16-804/4 од 08.04.2010 година.

Член 5

Деталниот урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - Општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ-Подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Агенција за катастар и недвижности и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Деталниот урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - Општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунална инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/5
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

68.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план – дел од локалитет Тунел 2 – дел од УЕ 12 – дел од блок УБ 59 – измена и дополнување – Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план – дел од локалитет Тунел 2 – дел од УЕ 12 – дел од блок УБ 59 – измена и дополнување - Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/4
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план – дел од локалитет ТУНЕЛ 2 - Дел од УЕ 12 – дел од Блок УБ 59 - Измена и дополнување - Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт Детален урбанистички план – дел од локалитет ТУНЕЛ 2-Дел од УЕ 12 – дел од Блок УБ 59 - Измена и дополнување - Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт Деталниот урбанистички план – дел од локалитет ТУНЕЛ 2 - Дел од УЕ 12 – дел од Блок УБ 59 - Измена и дополнување - Општина Велес, Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/6
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

69.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 28)

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на

Општина Велес (ЛУПД 28), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/5
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	28	КП 16881 КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	ДПУП НА ГИНАЛ-ВИ дооел Велес	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичката документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/7
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

70.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 29)

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 29), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/6
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	29	КП 3413/2 КО Иванковци	ОУП с. Иванковци одлука бр. 08-4214/2 од 19.12.1984	Црковен одбор од с. Иванковци	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес“.

Бр.07-1845/8
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

71.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за збратимување на Општина Велес со Општина Сомбор, Војводина – Република Србија

Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Велес со Општина Сомбор, Војводина – Република Србија, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/7
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 14, став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за збратимување на Општина Велес со Општина Сомбор, Војводина-Република Србија

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес, Република Македонија се збратимува со Општина Сомбор, Војводина-Република Србија.

Член 2

Се воспоставуваат релации на соработка со Општина Сомбор Војводина-Република Србија, во областа на културата, образованието, економскиот развој, трговската размена и сите други области од надлежност на општините, во интерес на граѓаните на двете општини.

Член 3

Врз основа на оваа Одлука, Советот на Општина Сомбор, Војводина-Република Србија ќе донесе Одлука за збратимување на двете општини.

По донесувањето на одлуките, Градоначалниците на двете општини ќе ја потпишат Европската заклетва за збратимување.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Бр.07-1845/9
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

72.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување начинот на изборот и учеството без надоместок во комисии, одбори и други работни тела формирани од Советот на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување начинот на изборот и учеството без надоместок во комисии, одбори и други работни тела формирани од Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/8
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 45, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување начинот на изборот и учеството без надоместок во комисии, одбори и други работни тела формирани од Советот на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на изборот и учеството без надоместок на

членовите на Советот, Градоначалникот на Општина Велес и вработените во општинската администрација во работата на комисии, одбори и други работни тела формирани од Советот на Општина Велес.

Член 2

Членовите на Советот, Градоначалникот на Општина Велес и вработените во општинската администрација можат да бидат избрани и да учествуваат во работата на комисии, одбори и други работни тела формирани од Советот на Општина Велес.

Член 3

Учеството во работата на комисиите, одборите и другите работни тела формирани од Советот на Општина Велес, членовите на работните тела од член 2 од оваа Одлука ќе го извршуваат без надоместок.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/10
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

73.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање право за оттуѓување ствари (ССОУ „Коле Неделковски")

Се објавува Одлуката за давање право за оттуѓување ствари (ССОУ „Коле Неделковски") , што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/9
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес„ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 20.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за давање право за оттуѓување ствари

Член 1

Со оваа одлука на Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски" од Велес му се дава право да спроведе постапка за оттуѓување на движни ствари (3 дрвени (шперозани) врати без каси, 3 метални врати од влезна врата, 4 делови од метална врата, 192 прозорски крила големи, 82 прозорски крила средни и 231 прозорски крила мали) по пат на лицитација.

Член 2

Се задолжува Училишниот одбор да формира комисија и утврди почетни цени за спроведување на лицитацијата.

Член 3

Паричните средства добиени од лицитацијата ќе бидат средства на училиштето.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/11
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

74.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање право за оттуѓување ствари (ОЈУДГ „Димче Мирчев“)

Се објавува Одлуката за давање право за оттуѓување ствари (ОЈУДГ „Димче Мирчев“), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/10
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес„ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 20.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за давање право за оттуѓување ствари

Член 1

Со оваа одлука на Управниот одбор на Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев“ од Велес му се дава право да спроведе постапка за оттуѓување на движни ствари (17 иверични гардероби наменети за детски креветчиња, 150 дрвени детски столчиња, 16 теписони, 160 прозорци со каси и 3 дрвени врати) по пат на лицитација.

Член 2

Се задолжува Управниот одбор да формира комисија и утврди почетни цени за спроведување на лицитацијата.

Член 3

Паричните средства добиени од лицитацијата ќе бидат средства на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ од Велес.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Бр.07-1845/12
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

75.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/11
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Бр.07-1845/13
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

76.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување членови во Управниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“

Се објавува Решението за разрешување членови во Управниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/12
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување членови во Управниот одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”-Велес

1.Од членови во Управниот одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”-Велес се разрешуваат:

- Панче Иванов-професор,
-Стефани Андреева-професор,
-Вера Жабева наставник,
-Орданче Амбарков -професор и
-Трајче Панов -професор.

2. Решението за разрешување на членовите во Управниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски е врз основа на изминат мандат од 4 години.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Бр.07-1845/14
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

77.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување членови во Управниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“

Се објавува Решението за именување членови во Управниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/13
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови во Управниот одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”-Велес

1.За членови во Управниот одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”- Велес се именуваат:

- Проф.др.Кочо Анѓушев
- Мр. Вангелица Гаврилова – редовен професор на Славјанскиот институт;
- Славчо Давитковски – наставник по спортска култура;
- Флорентина Ристовска Шурбевска – доктор по медицина;
- Панче Иванов – професор по маркетинг и комерција

2. Мандатот на членовите во Управниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"- Велес трае 4 (четири) години.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/15
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

78.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З **А К Л У Ч О К**
за објавување на Решение за разрешување членови во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски"

Се објавува Решението за разрешување членови во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски", што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/14
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување членови во Надзорниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"- Велес

1.Од членови во Надзорниот одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"- Велес се разрешуваат:
-Васка Палитова-професор,
-Дејан Неделков - професор,
-Фиданка Ивановска -професор.

2. Решението за разрешување на членовите во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски" е врз основа на изминат мандат од 4 години.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/16
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

79.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување членови во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски"

Се објавува Решението за именување членови во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски", што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/15
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови во Надзорен одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”-Велес

1.За членови во Надзорен одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”- Велес се именуваат:

- Ацо Петров – дипл. економист;
- Пепица Амбаркова – дипл. економист;
- Марика Велјановска – дипл.економист;

2. Мандатот на членовите во Надзорен одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”- Велес трае 4 (четири) години.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Бр.07-1845/17
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

80.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“

Се објавува Решението за разрешување член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/16
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“

1.Од член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“ се разрешува:

- Катица Чадиева, вработена во Општина Велес

2.Решението за разрешување се донесува по нејзино барање.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Бр.07-1845/18
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

81.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“

Се објавува Решението за именување член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/17
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член во Организациониот одбор на Културната манифестација “Рацинови средби

1.За член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“ се именува:

- Игор Крајчев – писател и поет

2. Мандатот на членовите во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби“ трае 2 (две) години.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Бр.07-1845/19
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

82.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување членови во Управниот одбор на ЈПССО„Парк-спорт“ Велес

Се објавува Решението за разрешување членови во Управниот одбор на ЈПССО „Парк-спорт“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/18
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување членови во Управниот одбор на ЈПССО “Парк спорт”- Велес

1.Од членови во Управниот одбор на ЈПССО “Парк спорт”- Велес се разрешуваат:

- Александар Табаков
- Ефтим Димитриев,
- Јован Спасиќ

2. Решението за разрешување на членовите во Управниот одбор на ЈПССО „Парк спорт“ е поради лично барање .

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Бр.07-1845/20
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

83.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување членови во Управниот одбор на ЈПССО„Парк-спорт“ Велес

Се објавува Решението за именување членови во Управниот одбор на ЈПССО „Парк-спорт“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/19
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови во Управниот одбор на ЈПССО "Парк спорт"- Велес

1.За членови во Управниот одбор на ЈПССО "Парк спорт"- Велес се именуваат:
- Дејан Гиновски – дипломиран тренер;
- Анита Кочова – дипл.правник;
- Лазар Ѓошев – дипл.економист

2.Решението за именување на членовите во Управниот одбор на ЈПССО „Парк спорт" е поради поднесени оставки од претходните членови.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/21
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

84.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј Велес

Се објавува Решението за разрешување член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/20
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј- Велес

1.Од член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј - Велес се разрешува:
- Петре Костов

2. Решението за разрешување на членот во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј е поради неспоивост со функцијата директор.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/22
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

85.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј Велес

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Локалната устанаова Народен музеј Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/21
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 5 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј - Велес

1.3а член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј - Велес се именува:

- Цветанчо Тодоровски

2. Решението за именување на членот во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј е поради разрешување на член кој е избран за директор на Локалната установа Народен музеј.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/23
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

86.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски"

Се објавува Решението за разрешување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски", што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/22
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 58, став 2 и 4 од Законот за ученички стандард (Сл.весник на РМ" бр.52/05) и член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски"- Велес

1. Од претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом "Лазар Лазаревски" - Велес се разрешуваат следните лица:

-Надица Трајчевска, диплом. социолог
-Димче Аспаров, диплом. машински инжинер
-Сузана Мефаилоска, средно образование

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1845/24
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

87.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски"

Се објавува Решението за именување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски", што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 20.04.2010 година.

Број 08-1868/23
22.04.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р

.

. Врз основа на член 58, став 2 и 4 од Законот за ученички стандард (Сл.весник на РМ" бр.52/05) и член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 20.04.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски"- Велес

1. За претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом "Лазар Лазаревски" - Велес се именуваат следните лица:

- Горан Богоевски – дипл.менаџер по туризам
- Димче Аспоров – дипл.машински инжинер
- Сузана Мефаиловска – средно образование

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр.07-1845/25
21.04.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

65	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2010 година** **О Д Л У К А За проширување на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2010 година**	**113**
66	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за висината на комуналните такси** **ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси**	**114**
67	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за донесување Детален урбанистички план на локалитет дел од УЕ 7 дел од УБ 40 (2009-2014) Велес – Општина Велес** **ОДЛУКА за донесување Детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - Општина Велес**	**115**
68	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план – дел од локалитет Тунел 2 – дел од УЕ 12 – дел од блок УБ 59 – измена и дополнување – Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план – дел од локалитет ТУНЕЛ 2 - Дел од УЕ 12 – дел од Блок УБ 59 - Измена и дополнување - Општина Велес**	**116**
69	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 28)** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	**116**
70	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 29)** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	**118**
71	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за збратимување на Општина Велес со Општина Сомбор, Војводина – Република Србија** **О Д Л У К А за збратимување на Општина Велес со Општина Сомбор, Војводина-Република Србија**	**119**

Бр на акт **Страница**

72	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување начинот на изборот и учеството без надоместок во комисии, одбори и други работни тела формирани од Советот на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување начинот на изборот и учеството без надоместок во комисии, одбори и други работни тела формирани од Советот на Општина Велес**	119
73	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање право за оттуѓување ствари (ССОУ „Коле Неделковски“)** **О Д Л У К А за давање право за оттуѓување ствари**	120
74	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање право за оттуѓување ствари (ОЈУДГ „Димче Мирчев“)** **О Д Л У К А за давање право за оттуѓување ствари**	121
75	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на спортот по делегирани надлежности**	121
76	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување членови во Управниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување членови во Управниот одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”-Велес**	122
77	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување членови во Управниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“** **Р Е Ш Е Н И Е за именување членови во Управниот одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”-Велес**	122
78	З **А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување членови во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување членови во Надзорниот одбор на Фондацијата “Коле Неделковски”-Велес**	123
79	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Решение за именување членови во Надзорниот одбор на Фондацијата „Коле Неделковски“**	123

Бр на акт **Страница**

Р Е Ш Е Н И Е за именување членови во Надзорен одбор на Фондацијата "Коле Неделковски"-Велес

80 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби" 124**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби"

81 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување член во Организациониот одбор на Културната манифестација „Рацинови средби" 124**

Р Е Ш Е Н И Е за именување член во Организациониот одбор на Културната манифестација "Рацинови средби

82 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување членови во Управниот одбор на ЈПССО„Парк-спорт" Велес 125**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување членови во Управниот одбор на ЈПССО "Парк спорт"- Велес

83 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување членови во Управниот одбор на ЈПССО„Парк-спорт" Велес 125**

Р Е Ш Е Н И Е за именување членови во Управниот одбор на ЈПССО "Парк спорт"- Велес

84 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј Велес 125**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј- Велес

85 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј Велес 126**

Р Е Ш Е Н И Е за именување член во Управниот одбор на Локалната установа Народен музеј - Велес

86 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски" 127**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски"- Велес

87 **З А К Л У Ч О Кза објавување на Решение за именување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски" 127**

Р Е Ш Е Н И Е за именување членови во Управниот одбор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски"- Велес

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00